РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-765/12
од 31.07.2024 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2024 год., бр.08-528/8 од 19.04.2024 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3mW, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште), на КП 489/2 КО Врбјани, општина Кривогаштани**

1. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтапчни електрани со моќност до 3mW (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште), на КП 489/2 КО Обршани, општина Кривогаштани.
Проектниот опфат се наоѓа североисточно од населено место Врбјани, покрај регионалниот пат Прилеп-Крушево,(врска со Р1305) непосредно со село Славеј (лево од с.Славеј, на растојание од 20 м.).

Проектниот опфат го дефинираат следните граници:

- Проектниот опфат ќе се формира од КП бр.489/2 КО Врбјани, односно од Север границата на истиот ќе се движи по северната граница на предметната КП бр.489/2 КО Врбјани, која граничи со КП бр.491 КО Врбјани, и КП бр.490/2 КО Врбјани, продолжува кон југ, исто по границата на КП бр.489/2 КО Врбјани, од источната страна со мало прекршување со границата на КП бр.489/1КО Врбјани, се до пресекот со КП бр.439 КО Врбјани (која престставува Јавен пат-сопственост на РСМ), продолжува по јужната страна на предметната КП, која граничи со КП бр.488 КО Врбјани, кон запад се до пресекот со КП бр.492 КО Врбјани, потоа се враќа кон север по западната граница на КП бр.489/2, со КП бр.492, се до пресекот со јужната граница на КП бр.491 КО Врбјани, односно до почетната точка на северната граница на КП бр.489/2 КО Врбјани.

Вака дефинираниот опфат, ја содржи само КП бр.489/2 КО Врбјани, запишана во ИЛ бр.811 м.в.Манастириште, сопственост на инвеститорот, со вкупна површина 37 194 м².

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајќи од **31.07.2024 година до 15.08.2024 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

**Општина Кривогаштани**
**Градоначалник,**
**Николче Мискоски**